Врз согласност со чл.383,387,388, 388-а од Законот за трговски друштва (Сл.Весник на РМ бр.28/2004; бр.25/2007; бр.42?2010; бр.61/16) и чл.25 од Статутот на Акционерското друштво за производство, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук Фруктал Мак - Скопје, ул.5 бр.41, с.Морани, Управниот одбор објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за свикување на седница на годишно собрание на акционери на ФРУКТАЛ МАК АД СКОПЈЕ**

Се известуваат акционерите на друштвото дека седницата на собранието на акционери ќе се одржи на ден 28.05.2026 година со почеток во 11:00 часот, во просториите на Фруктал Мак АД Скопје, со седиште во с.Моране, ул.5 бр.41, Скопје.

За собранието на Акционерското друштво се предлага следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

**Процедурален дел:**

1. Верификација на спосок на пријавени и присутни акционери;
2. Утврдување на кворум за работа;
3. Избор на Претседавач на собранието;

**Работен дел:**

4.Усвојување на записникот од Собранието на Акционери одржано на 02.04.2026 година

5.Разгледување на извештајот на Претседателот на УО за работата на друштвото за 2025 година

6.Извештај за економско финансиската ревизија на друштвото за 2025 година изготвен од страна на овластен ревизор

7.Разгледување и усвојување на годишната сметка за 2025 година со извештајот за работењето на друштвото за 2025 година

8.Одобрување на работата на Надзорниот одбор и Управниот одбор на друштвото за 2025 година

9.Назначување на овластен ревизор

Акционерите треба да го пријават своето учество најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание со писмена пријава за учество во седиштето на друштвото.

Секој акционер може да овласти свој полномошник на Собранието со полномошно дадено во писмена форма и заверено на нотар.

Акционер може да овласти свој полномошник и со полномошно дадено во писмена форма кое не е заверено на нотар, при што акционерот кој го издал полномошното треба веднаш писмено да го извести друштвото за даденото полномошно кое треба да биде приложено кон пријавата за учество. Акционерот кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Ако полномошното не содржи ограничувања или налог полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот кој го дал полномошното.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.

Акционерите кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат по писмен пат да предложат дополнување на дневниот ред со вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собрание кое е веќе свикано, ако истовремено приложат и образложение за предложената точка или ако предложат одлука по предложената точка, како и да предлагаат одлуки и да поставуваат прашања до друштвото за точките на дневниот ред.

Барањето за вклучување точки во дневниот ред на собранието кое што е свикано, предлагањето одлуки и поставувањето прашања се доставува до свикувачот на собранието во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на собранието.

Увид во материјалите од дневниот ред акционерите можат да извршат 15 дена пред одржувањето на собранието, во просториите на друштвото во Скопје, ул.5 бр.41,с.Морани, од 08:00-16:00 часот како и на интернет страната на друштвото www.fructal.com.mk на која се објавени и сите информации согласно чл.388-б од Законот за трговски друштва

Претседател на управен одбор
Зоран Ѓуриќ

ПРЕДЛОГ

Согласно чл.383 од Законот за трговските друштва и чл.33 од Статутот на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје, Собранието на акционери на седницата одржана на ден 28.05.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

за усвојување на записникот од седницата на собранието на акционери на ФРУКТАЛ МАК АД Скоје

чл.1

Се усвојува записникот од седницата на собранието на акционери на АД ФРУКТАЛ МАК Скопје одржана на ден 02.04.2026 година.

чл.2

Записникот од седницата на Собранието на Акционери на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје одржана на ден 02.04.2026 година е составен дел на оваа одлука.

чл.3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери,

Претседавач:

______________________

ПРЕДЛОГ

Согласно чл.383 од Законот за трговските друштва и чл.33 од Статутот на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје,Собранието на акционери на седницата одржана на ден 28.05.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

за одобрување извештајот за работењето на членовите на Управниот Одбор на ФРУКТАЛ МАК АД Скоје

чл.1

Се одобрува извештајот за работењето на Управниот одбор во 2025 година во целост и тоа :

- за работењето на Претседателот на управен одбор Зоран Ѓуриќ од Србија,

-за членот на Управниот одбор Марјан Хриб од Скопје и

-за членот на Управниот одбор Јасминка Петрова од Скопје.

чл.2

Извештајот за работењето на претседателот и членовите на Управниот одбор за 2025 година е составен дел на оваа одлука.

чл.3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери,

Претседавач:

______________________

ФРУКТАЛ МАК
Акционерско друштво за производство, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук
Бр. 02-11 21.04 20 26 год.
с.Моране-Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФРУКТАЛ МАК АД СКОПЈЕ ВО 2025 ГОДИНА

Управниот одбор на Фруктал Мак АД Скопје во 2025 година беше во состав:
-Зоран Ѓуриќ- претседател на Управниот одбор
-Марјан Хриб -член на Управниот одбор и
-Јасминка Петрова -член на Управниот одбор

Управниот одбор во текот на 2025 година работеше во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва, Статутот на друштвото и останатите позитивни законски прописи и општите акти на друштвото.

Во 2025 година Управниот одбор одржа 21 седница на кои ги превзема следниве активности:

-Донесе Одлуки за зголемување на платите на вработените, за исплата на бонуси и награда во рамки на акцијата предложи колега
-Донесе одлука за исплата на јубилејна награда
-Донесе одлука за процена и Одлука за продажба на користена опрема лабораториски турбодиметар
-Донесе Изјава по чл.32 од ЗТД заради промена на адресни податоци за член на УО
-Донесе Одлука за отпис на побарувања спрема коминтенти за претходни периоди во вкупен износ од 2.716 евра, поради утврдена неусогласеност на финансиската евиденција при срамнување
-Донесе Одлука за разгледување на годишната сметка и поднесе Извештај за работењето и резултатите на друштвото за 2024 година
-Донесе Одлука за свикување на Годишно собрание на акционери
-Донесе Одлука за усогласување на актите и техничко организационите мерки кои се применуваат за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци на друштвото со Правилникот за безбедност на обработката на лични податоци (сл.в.266/24 од 25.12.2024 година) и Одлука за усвојување на и техничко организационите мерки кои се применуваат за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци на друштвото со Правилникот за безбедност на обработката на лични податоци
-Донесе Одлука за измена на составот на НАССР тимот за развој и примена на НАССР системот
-Донесе Одлука за измена на составот на проектниот тим за развој и примена на системот за менаџмент со квалитетот (QMS тим) и Одлука за обврските на раководителот на проектниот тим за развој и примена на системот за менаџмент со квалитетот (QMS тим)
-Донесе Одлука за промена на актот за систематизација и усвои пречистен текст на актот за систематизација
-Донесе Одлука за донација на производи
-Донесе Одлука за согласност за потпишување Договор за гаранција за обезбедување на акцизен долг од 4.532 Евра
-Донесе Одлука за свикување собрание на акционери заради донесување Одлука за одобрување на зделки со заинтересирана страна
-Донесе Одлуки за спроведување на годишен попис на средства и обврски со состојба на 29.11.2025 година

-Донесе Одлука за исплата на регрес за годишен одмор за 2025 година и носеше Одлуки кои се однесуваат на тековното работење и вршеше и други работи утврдени со Закон и со статутот на друштвото.

Управен одбор:
Претседател на Управен одбор
Зоран Ѓуриќ
-----------------------------------
Член на Управен одбор
Марјан Хриб
-----------------------------------
Член на Управен одбор
Јасминка Петрова
-----------------------------------

ПРЕДЛОГ

Согласно чл.383 од Законот за трговските друштва и чл.33 од Статутот на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје, Собранието на акционери на седницата одржана на 28.05.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

за одобрување на ревидираните годишни финансиски извештаи на

ФРУКТАЛ МАК АД Скопје

чл.1

Се усвојуваат ревидираните годишни финансиски извештаи за 2025 година на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје изготвени од Друштво за ревизија ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје.

чл.2

Ревидираните годишни финансиски извештаи се составен дел на оваа одлука.

чл.3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери,

Претседавач:

______________________

**ФРУКТАЛ МАК АД СКОПЈЕ**

**Финансиски извештаи**
**за годината што завршува на**
**31 декември 2025 и**
**Извештај на независниот ревизор**

**СОДРЖИНА:**

| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1 - 3 |
| Финансиски извештаи | |
| Извештај за сеопфатната добивка | 4 |
| Извештај за финансиската состојба | 5 |
| Извештај за промените во главнината | 6 |
| Извештај за паричните текови | 7 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 8 – 31 |
| Прилог 1 - Годишен извештај | |
| Прилог 2 - Годишна сметка | |

ул. Даме Груев бр. 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: + 389 (0) 2 3166 156
www.forvismazars.com

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

## ДО АКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА ФРУКТАЛ МАК АД СКОПЈЕ

Извештај за ревизијата на финансиските извештаи

*Мислење*

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје („Друштвото“), кои се состојат од извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2025 година и извештајот за сеопфатната добивка, извештајот за промените во главнината и извештајот за паричните текови за годината што тогаш завршува и белешките кон финансиските извештаи, вклучувајќи и информации за материјалните сметководствени политики.

Според нашето мислење, придружните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти финансиската состојба на Друштвото на 31 декември 2025 година, како и неговите резултати од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствените стандарди што се во примена во Република Северна Македонија.

*Основа за мислење*

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија („МСР“). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Друштвото во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) („Кодексот на ОМСЕС“) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС што е во примена во Република Северна Македонија. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме собрано се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

*Клучни ревизорски прашања*

Клучни ревизорски прашања се оние прашања кои, според нашето професионално расудување, беа од најголема значајност во нашата ревизија на финансиските извештаи за тековниот период. Ние утврдивме дека не постојат клучни ревизорски прашања за кои треба да се комуницира во нашиот извештај.

*Друго прашање*

Финансиските извештаи на ФРУКТАЛ МАК АД Скопје за годината којашто завршува на 31 декември 2024 биле ревидирани од страна на друг ревизор кој изразил немодифицирано мислење за тие финансиски извештаи на 23 април 2025 година.

*Други информации*

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од годишниот извештај за работата и годишната сметка подготвени од страна на раководството во согласност со Законот за трговските друштва, но тие не ги вклучуваат финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај.

Нашето мислење за финансиските извештаи не се однесува на другите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во Извештајот за други правни и регулаторни барања.

Во врска со нашата ревизија на финансиските извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме другите информации и притоа да разгледаме дали другите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или нашето разбирање, стекнато во ревизијата или поинаку, произлегува дека е материјално погрешно. Доколку, врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие други информации, ние треба да известиме за овој факт. Ние немаме што да известиме во однос на ова прашање.

*(продолжува)*

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

**ДО АКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА ФРУКТАЛ МАК АД СКОПЈЕ (продолжение)**

*Одговорност на раководството и на оние кои се задолжени за управувањето за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди што се во примена во Република Северна Македонија, како и за интерната контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвувањето на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на финансиските извештаи, раководството е одговорно да ја процени способноста на Друштвото да продолжи да работи согласно претпоставката за континуитет, како и, кога е применливо, да ги обелодени прашањата поврзани со континуитетот и да ја примени сметководствената основа на континуитет, освен во случаи кога раководството има намера да го ликвидира Друштвото или да го прекине неговото работење, или кога не постои друга реална алтернатива освен тоа. Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надгледување на процесот на финансиско известување на Друштвото.

*Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи*

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата спроведена во согласност со МСР, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и собираме ревизорски докази кои се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување кое произлегува од измама е повисок од ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување кое произлегува од грешка, бидејќи измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажно прикажување или заобиколување на интерните контроли.
- Стекнуваме разбирање за интерните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите.
- Ја оценуваме соодветноста на применетите сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања подготвени од страна на раководството.
- Донесуваме заклучок за соодветноста на примената на претпоставката за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и, врз основа на собраните ревизорски докази, дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои може да предизвикаат значителен сомнеж во способноста на Друштвото да продолжи да работи согласно претпоставката за континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, должни сме во нашиот ревизорски извештај да обрнеме внимание на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или, доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модифицираме нашето мислење. Нашите заклучоци се засноваат на ревизорските докази собрани до датумот на нашиот ревизорски извештај. Меѓутоа, идни настани или услови може да доведат до тоа Друштвото да престане да работи согласно претпоставката за континуитет.
- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучително и обелоденувањата, како и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин со кој се постигнува објективна презентација.

*(продолжува)*

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

**ДО АКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА ФРУКТАЛ МАК АД СКОПЈЕ (продолжение)**

*Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи (продолжение)*

Ги известивме оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата, како и за значајните наоди од ревизијата, вклучително и за евентуалните значајни недостатоци на интерната контрола што ги идентификувавме во текот на ревизијата.

Ние, исто така, им обезбедуваме изјава на оние кои се задолжени за управувањето дека сме усогласени со релевантните етички барања во однос на независноста и комуницираме со нив за сите односи и други прашања за кои разумно може да се смета дека влијаат врз нашата независност, како и, онаму каде што е применливо, за преземените активности за елиминирање на заканите или применетите заштитни мерки.

Од прашањата за кои сме комуницирале со оние кои се задолжени за управувањето, утврдуваме кои прашања биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и, согласно тоа, ги сметаме за клучни ревизорски прашања. Овие прашања ги опишуваме во нашиот ревизорски извештај, освен доколку законот или регулативата забрануваат нивна јавна објава или, во исклучително ретки околности, кога сме заклучиле дека за одредено прашање не треба да се извести во нашиот извештај поради тоа што негативните последици од таквото известување разумно би се очекувало да ги надминат придобивките за јавниот интерес од неговото објавување.

Извештај за други правни и регулативни барања

Како што е наведено погоре во делот Други информации, раководството на Друштвото е одговорно за подготвување на годишен извештај за работењето на Друштвото за 2025 година во согласност со Законот за трговските друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува, во согласност со МСР, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за ревизија.

Нашето мислење е дека, историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Друштвото со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува.

ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Управител

Јане Иванов
Овластен ревизор

ул. Даме Груев бр. 7, 1000, Скопје

20 април 2026 година

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**
**(Во илјади денари)**

| | Белешка | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 5 | 376,627 | 383,415 |
| Останати приходи | 6 | 9,866 | 19,851 |
| | | 386,493 | 403,266 |
| (Намалување)/Зголемување на залихите на готови производи и производство во тек | | (15,863) | 9,588 |
| Набавна вредност на продадени материјали | | (1,304) | (10,020) |
| Трошоци за суровини и други материјали | 7 | (264,144) | (297,429) |
| Трошоци за услуги | 8 | (16,468) | (17,591) |
| Трошоци за вработените | 9 | (47,801) | (43,657) |
| Амортизација | 13 | (15,630) | (15,580) |
| Останати трошоци од работењето | 10 | (30,220) | (26,780) |
| | | (391,430) | (401,469) |
| **(Загуба) / Добивка од работењето** | | (4,937) | 1,797 |
| Финансиски расходи, нето | 11 | (128) | (427) |
| **(Загуба) / Добивка пред оданочување** | | (5,065) | 1,370 |
| Данок на добивка | 12 | (235) | (446) |
| **(Загуба) / Добивка за годината** | | (5,300) | 924 |
| **ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА** | | | |
| Ефекти од проценка на недвижности | | - | 10,836 |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА (ЗАГУБА) / ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА** | | (5,300) | 11,760 |
| **Заработувачка по акција** | | | |
| - Основна (во денари) | 22 | (3.07) | 0.54 |
| - Разводната (во денари) | 22 | (3.07) | 0.54 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи.

Овие финансиски извештаи се прифатени и одобрени од страна на раководството на 12 март 2026 година.

Одобрено од:

Зоран Ѓуриќ
Генерален Директор

Акционерско друштво за производство, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук ФРУКТАЛ МАК с.Мориње и Скопје

Ката Анчевска
Раководител на
сметководство

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА**
**На 31 декември 2025 година**
**(Во илјади денари)**

| | Белешка | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 13 | 456 | 592 |
| Недвижности, постројки и опрема | 13 | 341,028 | 348,526 |
| | | 341,484 | 349,118 |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 14 | 49,866 | 77,693 |
| Побарувања од купувачи | 15 | 88,009 | 99,708 |
| Останати побарувања | 16 | 24,349 | 30,055 |
| Пари и парични еквиваленти | 17 | 46,014 | 43,670 |
| | | 208,238 | 251,126 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | 549,722 | 600,244 |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | |
| **ГЛАВНИНА** | 18 | | |
| Основна главнина | | 536,640 | 536,640 |
| Ревалоризациони резерви | | 98,444 | 98,444 |
| Акумулирана загуба | | (285,676) | (280,376) |
| | | 349,408 | 354,708 |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Резервации за користи за вработените | 21 | 819 | 645 |
| | | 819 | 645 |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 19 | 191,026 | 240,537 |
| Останати обврски | 20 | 8,469 | 4,354 |
| | | 199,495 | 244,891 |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | 549,722 | 600,244 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**
**(Во илјади денари)**

| | Основна главнина | Ревалоризациони резерви | Акумулирана загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2024 | 536,640 | 87,607 | (281,300) | 342,947 |
| Добивка за 2024 година | - | - | 924 | 924 |
| Останата сеопфатна добивка – ефекти од проценка на недвижности (Белешка 13) | - | 10,837 | - | 10,837 |
| Состојба на 31 декември 2024 | 536,640 | 98,444 | (280,376) | 354,708 |
| Загуба за 2025 година | - | - | (5,300) | (5,300) |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - |
| Состојба на 31 декември 2025 | 536,640 | 98,444 | (285,676) | 349,408 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
**За годината што завршува на 31 декември 2025**
**(Во илјади денари)**

| | Белешка | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| (Загуба) / Добивка пред оданочување | | (5,065) | 1,370 |
| *Усогласување за:* | | | |
| Амортизација | | 15,630 | 15,580 |
| Резервирања за отпремнини и јубилејни награди | | 174 | 30 |
| Расход на опрема | | 203 | - |
| Расходи за камата | | 211 | 191 |
| *Оперативна добивка пред промени во обртниот капитал* | | 11,153 | 17,171 |
| Намалување на побарувања од купувачи и останати тековни средства | | 17,170 | 7,196 |
| Намалување / (Зголемување) на залихи | | 27,827 | (10,363) |
| (Намалување) / Зголемување на обврски кон добавувачи и останати обврски | | (45,396) | 12,724 |
| *Промени во обртниот капитал* | | 10,754 | 26,728 |
| Платен данок на добивка | | - | (1,969) |
| Платена камата | | (211) | (191) |
| **Нето парични текови генерирани од оперативни активности** | | 10,543 | 24,568 |
| **Парични текови од инвестициони активности** | | | |
| Набавка на недвижности и опрема | | (8,199) | (8,104) |
| **Нето парични текови користени за инвестициони активности** | | (8,199) | (8,104) |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Одливи по позајмици | | - | (10,782) |
| **Нето парични текови генерирани од / (користени) за финансиски активности** | | - | (10,782) |
| **Нето зголемување на пари и парични еквиваленти** | | 2,344 | 5,682 |
| Пари и парични еквиваленти на 1 јануари | 17 | 43,670 | 37,988 |
| **Пари и парични еквиваленти на 31 декември** | 17 | 46,014 | 43,670 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2025 година**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРУШТВОТО

Фруктал Мак АД Скопје (во понатамошниот текст "Друштвото") е акционерско друштво регистрирано во Република Македонија, со седиште во с. Моране, Студеничани, Скопје.

Мнозински акционер на Друштвото е Фруктал д.д Ајдовшчина од Република Словенија која има 95,92% сопственост на Друштвото. Крајно матично друштво е Нектар доо, друштво регистрирано во Република Србија.

Основна дејност на Друштвото е производство и продажба на овошен џус, нектар, бебешка храна и безалкохолни пијалоци од брендот на Фруктал. Покрај основната дејност, Друштвото одгледува овошни насади и обработува свежо овошје.

На 31 декември 2025 година Друштвото има 45 вработени (2024: 43 вработени).

## 2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Овие финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за трговските друштва (Службен весник бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120, 2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 88/2017, 192/2017, 64/2018, 120/2018, 290/2020, 215/2021, 99/2022, 272/2024 и 191/2025), како и Правилникот за сметководство објавен во Службен весник бр. 75/2024 (во понатамошниот текст „Правилник"), со кој беа објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување („МСФИ том 2023"). Овој Правилник за сметководство ги опфаќа Меѓународните стандарди за финансиско известување („МСФИ") - МСФИ 1 до МСФИ 17, Меѓународните сметководствени стандарди („МСС") - МСС 1 до МСС 41, Комитетот за толкувања на меѓународното финансиско известување („КТМСФИ") – КТМСФИ 1 до КТМСФИ 23 и применливите Толкувања на Постојаниот комитет за толкувања („ПКТ") од ПКТ 7 до ПКТ 32. Горенаведените стандарди, измени и толкувања (МСФИ, КТМСФИ и ПКТ) се во примена во Република Северна Македонија, почнувајќи од 1 јануари 2025 година, освен МСФИ 17 кој ќе биде во примена почнувајќи од 1 јануари 2028 година. Исто така, со измената на Правилникот објавена во Службен весник бр. 274/2024, МСФИ 9 во Република Северна Македонија стапува во примена почнувајќи од 1 јануари 2028 година, притоа според насоките објавени од страна на Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија на Република Северна Македонија, МСС 39 како што е објавен во Службен весник бр. 159/2009 останува важечки сметководствен стандард за финансиските инструменти до тој датум.

Друштвото ги примени сите релевантни стандарди, измени и толкувања кои беа објавени во Службен весник бр. 75/2024 и бр. 274/2024. Меѓутоа, бидејќи МСФИ 9 и МСФИ 17 не се во примена за периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2025 година, финансиските извештаи на Друштвото се подготвени во согласност со сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија, како што е објавено во Правилникот и објаснето погоре. Притоа, бидејќи МСФИ 1 не беше применлив, Друштвото ги примени специфичните преодни одредби за сите важечки сметководствени стандарди како што е објаснето подолу.

Притоа, приложената годишна сметка на Друштвото е прикажана во согласност со билансните шеми објавени во Правилникот за формата и содржината на годишната сметка ("Службен весник" бр. 60/2014), чијашто презентација во поединечни делови отстапува од начинот на презентација на одредени билансни позиции во финансиските извештаи предвидени со усвоениот МСС 1 – Презентирање на финансиските извештаи.

Придружните финансиски извештаи се составени во согласност со принципот на набавна вредност, освен ако не е поинаку наведено во сметководствените политики кои се дадени во натамошниот текст. Во составувањето на овие финансиски извештаи Друштвото ги применува сметководствените политики наведени во белешката 3.

Износите содржани во финансиските извештаи на Друштвото се прикажани во илјади македонски денари. Денарот претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

## 2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТВКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ (продолжение)

### 2.1 Преод кон ажурираните Меѓународни стандарди за финансиско известување

Со примена од 1 јануари 2025 година, Друштвото изврши преод кон примената на ажурираните Меѓународни стандарди за финансиско известување, усвоени во Република Македонија согласно Правилникот за водење сметководство ("Службен весник" бр. 75/2024).

Преодот кон ажурираните МСФИ не претставува прва примена на МСФИ, туку преод помеѓу различни верзии на МСФИ. Согласно тоа, Друштвото ги применуваше преодните одредби утврдени во поединечните стандарди, без примена на МСФИ 1 – Прва примена на МСФИ.

Ефектите од примената на новите и изменетите стандарди, доколку ги има, се признаени во почетните салда на средствата, обврските и главнината на 1 јануари 2025 година, во согласност со релевантните преодни одредби на поединечните стандарди.

#### 2.1.1 МСФИ 16 – Наеми

**Влијание од првичната примена на МСФИ 16 – Наеми**

Во тековната година, Друштвото го примени МСФИ 16 – Наеми, кој е ефективен за годишни периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2025 година.

МСФИ 16 – Наеми воведува нови или изменети барања во однос на сметководственото евидентирање на наемите. Стандардот носи значајни промени во сметководството кај закупопримачите, со тоа што ја укинува разликата помеѓу оперативен и финансиски наем и бара признавање на средство со право на користење и обврска врз основа на наем на датумот на започнување на наемот, за сите наеми, освен за краткорочни наеми и наеми на средства со ниска вредност, кога се применуваат исклучоци од признавање. За разлика од сметководството кај закупопримачите, барањата за сметководството кај закуподавачите остануваат во голема мера непроменети. Подетално објаснување на новите барања, како и влијанието од усвојувањето на МСФИ 16 – Наеми врз финансиските извештаи на Друштвото, се прикажани подолу.

Датумот на првична примена на МСФИ 16 – Наеми за Друштвото е 1 јануари 2025 година. Друштвото го примени МСФИ 16 – Наеми за договори за наем кои претходно биле класифицирани како оперативни договори за наем, врз основа на точка В8(б) од МСФИ 16 – Наеми, односно:

- Призна обврска за наеми на датумот на прва примена за наемот кој претходно бил класифициран како оперативен наем со примена на МСС 17 – Наеми. Друштвото ја измери таа обврска за наеми според сегашната вредност на преостанатите плаќања врз основа на наеми, дисконтирани со користење на инкременталната каматна стапка на позајмување на датумот на прва примена.
- Призна средство за право на користење на датумот на прва примена кај договори за наеми кои претходно биле класифицирани како оперативни наеми со примена на МСС 17 – Наеми, кое е еднакво на обврската за наем.

Овој пристап не бара повторно прикажување на споредбените периоди.

**Влијание од новата дефиниција на наем**

Друштвото ја применува дефиницијата за наем и поврзаните насоки утврдени во МСФИ 16 – Наеми на сите договори за наеми склучени или изменети на или по 1 јануари 2025 година (без разлика дали Друштвото е закупопримач или закуподавач во договорот). Како подготовка за првичната примена на МСФИ 16 – Наеми, Друштвото спроведе проект за имплементација. Проектот покажа дека новата дефиниција во МСФИ 16 – Наеми нема значително да го промени опфатот на договорите кои ги исполнуваат условите за признавање како договори за наем за Друштвото.

## 2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТВКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ (продолжение)

### 2.1 Преод кон ажурираните Меѓународни стандарди за финансиско известување (продолжение)

**Сметководствено влијание**

**(i) Поранешни оперативни наеми**

МСФИ 16 – Наеми го менува начинот на кој Друштвото ги евидентира наемите што претходно беа класифицирани како оперативни согласно МСС 17 – Наеми. Со примена на МСФИ 16 – Наеми, за сите наеми, Друштвото:

а) Признава средства со право на користење и обврски врз основа на наем во извештајот за фина нсиска состојба, првично мерени по сегашна вредност на идните плаќања врз основа на наем, со гласно МСФИ 16:B8(b);

б) Признава амортизација на средствата со право на користење и камата на обврските врз основа на наем во извештајот за сеопфатната добивка;

в) Ги раздвојува вкупните исплати во готовина на дел за главнина (прикажан во рамки на готовинс ките текови од финансиски активности) и дел за камата (исто така прикажан во финансиски активн ости) во извештајот за паричните текови.

Согласно МСФИ 16 – Наеми, средствата со право на користење се предмет на тестирање за обез вреднување согласно МСС 36 – Обезвреднување на средства.

**(ii) Поранешни финансиски наеми**

За наемите кои беа класифицирани како финансиски согласно МСС 17 – Наеми, сметководствена та вредност на средствата добиени преку наем и обврските врз основа на финансиски наем изме рени согласно МСС 17 – Наеми непосредно пред датумот на првична примена се рекласифицира ни во средства со право на користење и обврски врз основа на наем, без дополнителни прилагод увања, освен во случаи кога Друштвото одлучува да ја примени олеснителната опција за наеми со ниска вредност.

**Финансиско влијание од првичната примена на МСФИ 16 – Наеми**

Врз основа на извршената анализа на договорите за наем, раководството утврди дека примената на МСФИ 16 немаше материјално влијание врз овие финансиски извештаи, ниту врз почетните салда на средствата, обврските и главнината на 1 јануари 2025 година, бидејќи Друштвото нема договоори за наем кои влегуваат во опфатот на МСФИ 16.

Како резултат на тоа, примената на МСФИ 16 не резултираше со корекции на почетните салда при преодот кон ажурираните МСФИ.

Друштвото има или договори за краткорочни наеми или договори за наем со мала вредност, за кои го користи практичниот исклучок согласно МСФИ 16 и истите се признаваат како расход во периодот на нивното настанување.

## 2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТВКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ (продолжение)

### 2.1 Преод кон ажурираните Меѓународни стандарди за финансиско известување (продолжение)

### 2.1.2 МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи

**Влијание од првичната примена на МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи**

Во тековната година, Друштвото го примени МСФИ 15 Приходи од договори со купувачи, кој е во примена за годишни периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2025 година. МСФИ 15 воведе пристап во 5 чекори за признавање на приходите:

1) Идентификување на договор со купувач;
2) Идентификување на обврските за извршување во договорот;
3) Утврдување на цената на трансакцијата;
4) Распределување на цената на трансакцијата на обврските за извршување;
5) Признавање приход кога (или откако) ќе биде исполнета обврската за извршување.

Новиот стандард воспоставува модел на признавање на приход заснован на пренос на контрола и обезбедува дополнителни насоки во многу области кои претходно не беа детално регулирани, вклучувајќи го начинот на сметководствено третирање на договори кои содржат повеќе обврски за извршување, променливи цени, права на рефундација, опции за повторно откупување од добавувачот и други вообичаени комплексни трансакции.

Главните извори на приходи на Друштвото кои спаѓаат во делокругот на МСФИ 15 се однесуваат на следните категории:

- Приходи од продажба на овошен џус, нектар, бебешка храна и безалкохолни пијалоци
- Приходи од услуги

При анализата на примената на МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи, Друштвото утврди дека начинот на признавање на приходите согласно ажурираните барања на стандардот е во суштина конзистентен со сметководствениот третман применуван во претходните периоди.

Врз основа на извршената анализа, раководството утврди дека примената на МСФИ 15 немаше материјално влијание врз признавањето, мерењето и временската распределба на приходите, ниту врз почетните салда на средствата, обврските и главнината на 1 јануари 2025 година.

Како резултат на тоа, примената на МСФИ 15 не резултираше со корекции на почетните салда при преодот кон ажурираните МСФИ.

### 2.2 Принцип на континуитет

Друштвото за годината што заврши на 31 декември 2025 година оствари нето загуба после оданочување во износ од 5,300 илјади денари. На 31 декември 2025 година Друштовото има позитивна нето главнина во износ од 349,408 илјади денари. Од вкупните тековни обврски во износ од 199,495 илјади денари, најголем дел во износ од 176,594 илјади денари се однесува на обврски кон поврзани страни.

Придружните финансиски извештаи заклучно со 31 декември 2025 година и за годината што тогаш завршува се подготвени со претпоставка дека Друштвото ќе продолжи да работи врз основа на принципот на континуитет. Врз основа на анализата на ликвидносната позиција вкупни тековни средства се повисоки од вкупните тековни обврски за 8,743 илјади денари. Дополнително, како што е наведено погоре, најголемиот дел од тековните обврски се однесуваат на поврзани страни, каде што паричните текови во голема мера се управуваат на ниво на матичната компанија. Со цел да се обезбеди дополнителна сигурност за способноста на Друштвото да продолжи да работи врз основа на принципот на континуитет, матичната компанија достави Писмо за поддршка на 2 април 2026 година, во кое изјави дека ќе обезбеди финансиска поддршка за работењето на Друштвото за период од најмалку една година од датумот на овие финансиски извештаи, доколку се појави таква потреба.

Раководството на Друштвото претпоставува дека зголемувањето на производството, како и постојаното намалување на оперативните трошоци, ќе има позитивно влијание врз деловното работење на Друштвото во наредните периоди. Со оглед на акцискиот план и гореспоменатите очекувања, раководството претпоставува дека тоа ќе генерира доволно парични приливи за подмирување на тековните обврски и за секојдневните деловни активности на Друштвото.

**2.2 Принцип на континуитет (продолжение)**

Земајќи ги предвид сите овие факти, раководството на Друштвото заклучи дека употребата на принципот на континуитет е соодветна во подготовката на финансиските извештаи и дека нема материјална неизвесност што може да предизвика сомневање во врска со способноста на Друштвото да продолжи да работи врз основа на принципот на континуитет.

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3.1 Признавање на приходи

Друштвото евидентира договор со купувач доколку се исполнети сите од следните критериуми:

- Договорот е одобрен од страните во договорот (писмено, усно или во согласност со друга вообичаена деловна пракса) и се посветени на исполнување на своите обврски;
- Друштвото може да ги идентификува правата на секоја од страните во врска со добрата или услугите што ќе бидат пренесени;
- Друштвото може да ги идентификува условите за плаќање во врска со добрата или услугите што ќе бидат пренесени;
- Договорот има комерцијална суштина (т.е. ризикот, периодот или износот на идните готовински текови на Друштвото се очекува да се променат како резултат на договорот); и
- Веројатно е дека Друштвото ќе добие надомест на кој ќе има право во замена за добрата или услугите што ќе му бидат пренесени на купувачот. Кога прави проценка на тоа дали е веројатна наплатливоста на определен износ на надомест, Друштвото ги зема предвид способноста и намерата на купувачот да го плати износот на надомест тогаш кога ќе доспее. Износот на надомест на кој Друштвото ќе има право може да биде помал од цената што е наведена во договорот доколку надоместокот е варијабилен затоа што Друштвото може да му понуди ценовен попуст на купувачот.

Приходите за годината што заврши на 31 декември 2025 година го одразуваат надоместокот за кој Друштвото очекува дека има право да го прими во замена за тие добра во текот на годината, односно кога обврската за извршување е исполнета, т.е. кога „контролата" врз добрата што лежат во основата на обврската за извршување е пренесена на купувачите.

*Приходи од продажба на стоки*

Приходите од продажба на стоки се признаваат кога Друштвото ќе ја исполни обврската за извршување преку пренесување на контролата врз стоките на купувачот. Контролата обично се пренесува на точка на време, кога купувачот има способност да го насочи користењето на стоките и да ги добива сите преостанати придобивки. Трансакциската цена е намалена за данок на додадена вредност; очекувани поврат на стоки; трговски попусти; количински рабати и други форми на варијабилен надомест.

Друштвото не задржува контрола или тековно управување со продадените стоки по нивното пренесување.

### 3.2 Износи искажани во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви на Народна банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажуваат со примена на официјални курсеви кои важат на денот на составувањето на Извештајот за финансиската состојба. Нето позитивните и негативните курсни разлики, кои произлегуваат од конверзија на износите искажани во странска валута, се вклучуваат во Извештајот за сеопфатната добивка во периодот на настанување.

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.3 Данок

*Тековен данок на добивка*

Обврската за тековен данок се пресметува и плаќа согласно Законот за данок на добивка. Месечните аконтации се утврдуваат од Управата за јавни приходи. Финалниот данок за 2025 година се пресметува по стапка од 10% врз добивката утврдена во билансот на успех, коригирана за даночно непризнаени расходи согласно локалната регулатива.

*Закон за минимален глобален данок*

Законот за минимален глобален данок беше усвоен од Собранието на Република Северна Македонија и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" на 3 јануари 2025 година. Со Законот се воведува минимална ефективна даночна стапка од 15%, која се применува за мултинационални групи и големи домашни групи со консолидирани годишни приходи поголеми од 750 милиони евра.
Овој закон се применува за фискалната година што започнува на 1 јануари 2024 година, што значи дека првата година опфатена со минималниот глобален данок е 2024 година. Првиот извештај („Извештај за дополнителни даночни информации") за 2024 година треба да се поднесе до Управата за јавни приходи во рок од 18 месеци од завршувањето на фискалната година, а во рок од 15 месеци за годините потоа. Така, рокот за поднесување на извештајот за 2024 година е 31 јули 2026 година, а за 2025 година 30 април 2027 година. Начинот на пресметување и наплата на квалификуваниот дополнителен домашен данок е пропишан од Министерот за финансии. Друштвото очекува дека примената на овој данок нема да има материјално значајни ефекти за 2024 и 2025 година и, соодветно, не пресметува дополнителен данок за тие периоди.

**Одложен данок на добивка**

Одложениот данок на добивка се признава со примена на методот на обврски заснован врз билансот на состојба, за привремени разлики кои произлегуваат помеѓу даночните основи на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност во финансиските извештаи. За утврдување на одложениот данок на добивка се применуваат даночните стапки што се во сила на датумот на билансот на состојба. Одложени даночни обврски се признаваат за сите оданочливи привремени разлики. Одложени даночни средства се признаваат за одбивливи привремени разлики и за ефектите од пренесени даночни загуби, но само во обем во кој е веројатно дека ќе биде остварена оданочлива добивка против која може да се искористат одбивливата привремена разлика или пренесената даночна загуба. Во овие финансиски извештаи не постојат оданочливи или одбивливи привремени разлики и, соодветно, не се признаени одложени даноци.

**Данок на додадена вредност**

Приходите, трошоците и средствата се признаваат во износ намален за данокот на додадена вредност, освен:

- кога данокот при набавка на средството или услугата не може да се врати од даночните власти, во кој случај се признава како дел од набавната вредност на средството или дел од трошокот; и
- за побарувањата и обврските кои се прикажани со вклучен износ на данок на додадена вредност.

Нето износот на данокот на додадена вредност кој се побарува од, односно се должи на даночните власти е вклучен како дел од побарувањата односно обврските на датумот на извештајот за финансиска состојба.

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.4 Користи за вработените

*Пензии*

Друштвото во текот на своето нормално работење врши исплати во корист на своите вработени за пензиско, здравствено и социјално осигурување како и персонален данок кои се пресметуваат според важечките законски стапки кои се на сила во текот на годината врз основа на нивните бруто плати. Друштвото ги исплаќа горенаведените придонеси кон Фондот на здравство и Пензискиот фонд на Република Северна Македонија. Трошокот за овие исплати се прикажува во извештајот за сеопфатна добивка во истиот период како и трошокот за плата. Друштвото нема воспоставено други пензиски шеми или план за бенефиции после пензионирањето и оттука нема дополнителни обврски.

*Отпремнини и јубилејни награди*

Во согласност со Законот за работни односи кој е на сила во Република Северна Македонија, Друштвото е обврзано да исплати бенефиции за пензионирање во износ од две просечни плати на републичко ниво. Бенефициите се мерат по сегашна вредност на двете просечни плати заедно со корекциите согласно актуарската пресметка. Износот на резервацијата за отпремнини и јубилејни награди се одредува годишно од страна на независни актуари. Сегашната вредност на идната обврска по основ на пензионирање и јубилејни награди се одредува со дисконтирање на очекуваните идни исплати користејќи каматни стапки на високо квалитетни обврзници, земајќи ја во предвид возраста на вработените, стапката на морталитет, обрт на вработени и проценетиот пораст на просечната плата. Исто така Друштвото нема обврска да обезбеди други користи на сегашните и претходни вработени. Друштвото, исто така доделува награда за јубилејна годишнина во согласност со колективниот договор.

### 3.5 Недвижности, постројки и опрема

**Недвижности**

Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат по ревалоризациона вредност која што претставува проценета вредност намалена за акумулираната амортизација и последователните акумулирани загуби поради обезвреднување.

На 31 Декември 2024, вредноста на недвижностите беше предмет на процена од страна на независен проценител.

Според сметководствената политика на Друштвото, средствата редовно ќе бидат предмет на процена, секои 3 - 5 години.

Секое зголемување на вредноста на средствата кое потекнува од ревалоризација, се признава во извештајот за сеопфатна добивка, освен во случај кога за истото средство претходно е признаена загуба од ревалоризација во билансот на успех, во кој случај зголемувањето на вредноста се признава во билансот на успех до износот на претходно признаената загуба. Намалувањето на сметководствената вредност како резултат на ревалоризацијата се признава во билансот на успех до износот за кој што загубата ја надминува ревалоризационата резерва, а се однесува на претходна ревалоризација на тоа средство. При отуѓување, ревалоризационите резерви поврзани за конкретното средство предмет на отуѓување, се трансферираат во задржана добивка.

**Опрема**

Опремата се евидентира по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и акумулираните загуби поради обезвреднување.

Иницијалниот трошок се состои од набавната цена, вклучувајќи и царини, даноци, такси и сите останати трошоци кои директно може да се припишат на носење на средството до локацијата и состојбата во која тоа е оперативно способно на начин предвиден од страна на раководството. Набавениот софтвер, кој што претставува составен дел од соодветната опрема, се капитализира како дел од таа опрема.

Трошоците за одржување и поправки се признаваат во извештајот на сеопфатна добивка во периодот во кој настанале.

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.5 Недвижности, постројки и опрема (продолжение)

**Биолошки средства**

Биолошките средства се евидентираат по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација. Трошоците за одржување се признаваат во извештајот на сеопфатна добивка во периодот во кој настанале.

**Амортизација**

Амортизацијата се пресметува со примена на праволиниска стапка, а со цел да се алоцира набавната или ревалоризираната вредност на недвижностите, постројките и опремата во текот на нивниот проценет век на употреба. Проценетиот корисен век и амортизациониот метод се прегледуваат на крајот на секоја година, со ефектите на сите промени врз проспективни основи.

Годишни стапки за амортизација, применети на некои позначајни ставки се следните:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 2.5% |
| Машини и опрема | 10% |
| Компјутери | 25% |
| Транспортни средства | 25% |
| Биолошки средства | 10% |
| Останата опрема | 20%-25% |

**Обезвреднување на средства**

За секој период на известување, Раководството ја разгледува сметководствената вредност на материјалните средства. Доколку постојат индикации дека средствата се можеби обезвреднети, надоместувачката вредност на средството се проценува за да се одреди износот на загубата поради обезвреднување. Доколку надоместувачката вредност на конкретното средство не може да биде проценета, Друштвото ја проценува надоместувачката вредност на единицата која генерира пари, на којашто поединечното средство и припаѓа.

Надоместувачката вредност е пазарната вредност или вредноста во употреба, во зависност која е поголема. За проценка на вредноста во употреба идните парични текови се дисконтираат до нивната надоместувачка вредност, аплицирајќи ја дисконтната стапка пред оданочување која што ја искажува нето сегашната вредност како и ризикот специфичен за тоа средство.

Доколку надоместувачката вредност на средството (или единицата која генерира пари) е помала од неговата сметководствена вредност, тогаш сметководствената вредност на средството (или единицата која генерира пари) се намалува на неговата надоместувачка вредност. Загуба поради обезвреднување на средства се признава како трошок во моментот кога настанува.

На последователното корегирање на загубите од исправката, сметководствената вредност на средството (или единицата која генерира пари) е зголемена до проценетата надоместувачка вредност за тоа средство, но не повисока од сметководствената вредност пресметана под претпоставка загубата од обезвреднување да не била признаена.

На 31 декември 2025 година, врз основа на проценка на раководството на Друштвото, не постојат индикации за обезвреднување на вредноста на нетековните средства.

### 3.6 Нематеријални средства

Нематеријалните средства се евидентираат по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација, како и акумулираната загуба поради обезвреднување, доколку постои. Нематеријалните средства вклучуваат компјутерски софтвер и лиценца кој е набавен одделно од хардверот. Трошокот за софтверот се амортизира со употреба на праволиниска метода на проценетиот век на траење кој изнесува 5 години.

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.7 Залихи

Залихите се водат по пониската вредност од набавната и нето реализационата вредност. Набавната вредност содржи директни и зависни трошоци кои настанале при доведување на залихите во нивната сегашна состојба и на сегашната локација, а се одредува врз основа на методот на пондерирани просечни цени, освен трошокот за суровини и материјали каде се користи ФИФО методот.

Нето реализационата вредност претставува проценета продажна вредност намалена за проценетите трошоци за довршување и проценетите трошоци потребни да се изврши продажбата.
Залихата за која што нема тековна или очекувана идна употреба се класифицира како оштетена и се доведува до нето надоместувачка вредност преку исправка на вредноста. Загубите поради оштетување се признаваат веднаш како расход.

### 3.8 Заработувачка по акција

Друштвото ја прикажува основната и разводнетата заработувачка по акција од обичните акции како поделба на нето финансискиот резултат за годината која им припаѓа на имателите на обични акции со пондерираниот просечен број на обични акции во текот на годината.

Разводнетата заработка по акција е пресметана со корекција на нето финансискиот резултат за годи ната која им припаѓа на имателите на обични акции и пондерираниот просечен број на обични акции во текот на периодот за ефектите на сите потенцијално разводнети обични акции.

### 3.9 Трансакции со поврзани субјекти

Трансакциите со поврзани субјекти се однесуваат на меѓусебни трансфери на ресурси, услуги и обврски, без оглед на тоа дали цената е наплатена или не. Одреден субјект се смета за поврзан доколку директно или индиректно го контролира Друштвото, а тоа се субјектите кои припаѓаат на матичната компанија. Фруктал доо, Ајдовшчина, Словенија и Нецтар, Србија.

### 3.10 Финансиски инструменти

Финансиските средства и финансиските обврски се признаваат во моментот кога Друштвото станува страна во договорните обврски по овие инструменти. Финансиските средства и финансиските обврски иницијално се евидентирани по објективната вредност.

*Побарувања од купувачи и останати побарувања*

Побарувањата од купувачите и останатите побарувања се прикажуваат по нивната надоместлива вредност намалена за загубите поради обезвреднување кои се вклучени во оперативните трошоци. Надоместливиот износ се проценува земајќи ги во предвид потенцијалните доцнења со наплатата и неисполнувањето на обврските за плаќање. Отписот на побарувањата се спроведува врз основа на старосната структура на побарувањата и кога се оценува дека делумната или целосната наплата на побарувањата не е веројатна или врз основа на судска одлука, вонсудска спогодба или одлука донесена од страна на раководството. Сметководствената вредност на побарувањата се намалува преку исправка на вредноста на побарувањата и износот на трошокот се прикажува во извештајот за сеопфатна добивка. Последователните наплати на претходно отпишаните побарувања и соодветно намалување на исправките се прикажува како приход.

Старосна структура користена за проценка на обезвреднувањето на побарувања е како што следи:

| Ден на доспевање | % на исправка |
|---|---|
| 120 – 180 дена | 10% |
| 181 – 361 дена | 50% |
| Над 360 дена | 100% |

Сметководствената вредност на побарувањата од купувачите се намалува преку сметката за исправка на вредноста. Кога едно побарување се смета за ненаплатливо се резервира (отпишува) во корист на сметката за исправка на вредноста. Последователните наплати на побарувањата претходно отпишани се евидентираат преку намалување на сметката за исправка на вредност. Промените во сметководствената вредност на сметката за исправка на вредност се признава во извештајот за сеопфатна добивка.

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.10 Финансиски инструменти (продолжение)

*Пари и парични еквиваленти*

Парите и паричните еквиваленти вклучуваат готовина во благајна и пари на тековни сметки во денари и странска валута. За целите на составување на извештајот за паричните текови, парите и паричните еквиваленти ги вклучуваат средствата наведени погоре кои може брзо да се конвертираат во познат износ на пари и се подложени на незначителен ризик од промена на нивната вредност.

*Обврски кон добавувачи и останати обврски*

Финансиските обврски, иницијално вреднувани по објективна вредност, последователно се вреднуваат по амортизирана набавна вредност со примена на методот на ефективна каматна стапка. Метода на ефективна камата е метода на пресметување на амортизираната набавна вредност на финансиската обврска и на распределба на трошокот од камата во текот на релевантниот период. Ефективната каматна стапка е стапката која точно ги дисконтира очекуваните идни парични плаќања или примања во текот на очекуваниот животен век на инструментот или, до нето сметководствената вредност на финансиската обврска, при иницијалното признавање.

*Каматоносни заеми*

Заемите и позајмиците првично се мерат по објективната вредност за добиениот надомест, нето од трансакциските трошоци. Кредитите и позајмиците последователно се мерат по амортизирана набавна вредност користејќи го методот на ефективна каматна стапка. Пресметката на амортизираната вредност ги вклучува трошоците за заем и позајмување и попустите дадени за отплата на заемот. Приходите и расходите се признаваат во извештај на сеопфатна добивка во моментот на плаќање или отпис на обврските, но и при амортизација на заемот и позајмувањето.

### 3.11 Резервирања и потенцијални обврски

Резервирањата се признаваат кога Друштвото има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан, кога е веројатно дека Друштвото ќе биде обврзано да ја подмири обврската и кога износот на обврската со голема веројатност може да се предвиди.

Признаениот износ како резервирање претставува најдобрата проценка на издатокот неопходен за подмирување на сегашната обврска на датумот на извештајот за финансиска состојба, притоа земајќи ги во предвид сите ризици и неизвесности кои го опкружуваат износот на обврската.

За потенцијалните обврски не се врши резервирање. Потенцијална обврска е можна обврска која произлегува од минат настан и чиешто постоење ќе биде потврдено само со случување или не - случување на еден или повеќе неизвесни идни настани кои не се во целост под контрола на Друштвото, или сегашна обврска која произлегува од минат настан но не е признаена, бидејќи не е веројатно дека ќе има одлив на ресурси кои вклучуваат економски користи за исплата на таа обврска или не може да се направи веродостојна проценка на износот на обврската. Друштвото направи проценка на можноста и веродостојноста да се изгуби судскиот спор со поранешниот купувач, како што е обелоденето во белешка 24, потенцијални обврски.

### 3.12 Компаративни информации

Со цел да се одржи конзистентност со презентацијата во тековната година, одредени ставки беа рекласифицирани за компаративни цели. Таквите рекласификации не резултираа во значајни промени на содржината и формата на финансиските информации презентирани во финансиските извештаи.

## 4. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРОЦЕНКИ И ПРЕТПОСТАВКИ

При примената на сметководствените политики на Друштвото, опишани во Белешка 3, Друштвото користи најдобри можни проценки и разумни претпоставки кои се однесуваат на сметководствените вредности на средствата и обврските кои не се јасно видливи од други извори. Овие проценки и претпоставки се засновани на информациите од историското искуство како и други фактори кои се сметаат за релевантни во дадените околности. Идните вистински резултати можат да се разликуваат од проценетите износи.

Проценките и претпоставките повторно се проверуваат на континуирана основа. Повторното проверување на сметководствените проценки се признава во периодот во кој е извршена проверката доколку истата има влијание само на тој период или пак се признава во периодот на повторната проверка и во идните периоди доколку истата има влијание и врз тековниот и врз идните периоди. Во продолжение се дадени клучните проценки кои се поврзани со идни, или други клучни извори на проценка на неизвесноста на датумот на извештајот за финансиска состојба, кои имаат ризик да предизвикаат материјално значајно коригирање на сметководствената вредност на средствата и обврските во идната финансиска година.

*Објективна вредност*

Објективната вредност на финансиските инструменти, за која нема активен пазар, е одредена со примена на соодветни методи на вреднување. Друштвото го применува сопственото професионално расудување во изборот на соодветните методи и претпоставки. Техниките кои се користени при вреднувањето на објективната вредност на финансиските инструменти се прикажани во белешка 23.

*Корисен век на средствата*

Одредувањето на корисниот век на средствата се заснова на искуството за слични такви средства, како и очекуваниот технолошки развој и промени во пошироката економија, индустриските фактори или локалните пазари. Соодветноста на проценката на корисните векови се прегледува на годишна основа, или во било кој момент кога ќе постои индикација за значајна промена во употребените претпоставки.

*Обезвреднување на побарувањата од купувачи и другите побарувања*

Обезвреднувањето на сомнителните побарувања се заснова на проценетите загуби од неможноста на третите страни да ги исполнат своите договорни обврски. Проценките кои се користат при проценката на адекватноста на обезвреднувањето на сомнителните побарувања се старосната структура на побарувања и историјата на отпис на побарувањата, кредитната способност на комитентите како и промените во услови за плаќање. Проценките ги вклучуваат и претпоставките за идното однесување на комитентите и идните готовински наплати. Доколку се влоши финансиската способност на комитентите, реалните отписи на сегашните побарувања може да бидат поголеми отколку очекуваните, при што тие може да го надминат тековното ниво на евидентираните резервации за загуби поради обезвреднување. Раководството проценува дека не е потребно дополнително зголемување на резервациите за загуби поради обезвреднување од веќе прикажаните во финансиските извештаи.

## 5. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември | |
|---|---|---|
| | **2025** | **2024** |
| Приходи од продажба на поврзани субјекти (Белешка 24) | 6,754 | 18,928 |
| Приходи од продажба во земјата | 225,538 | 229,412 |
| Приходи од продажба во странство | 185,076 | 183,456 |
| Одобрени попусти на купувачи | (40,741) | (48,381) |
| | 376,627 | 383,415 |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2025 година**

## 6. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември<br>2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Приходи од маркетинг поддршка | - | 9 |
| Примени книжни одобренија | 2,821 | 6,178 |
| Вишоци по попис | 7 | 532 |
| Приходи од менаџмент услуги (Белешка 24) | 4,026 | 10,445 |
| Останато | 3,012 | 2,687 |
| | 9,866 | 19,851 |

## 7. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември<br>2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 241,590 | 271,236 |
| Потрошени резервни делови | 5,341 | 7,178 |
| Потрошен ситен инвентар и амбалажа | 34 | 63 |
| Електрична енергија | 9,693 | 9,229 |
| Потрошен мазут | 6,977 | 9,191 |
| Потрошено гориво | 509 | 532 |
| | 264,144 | 297,429 |

## 8. ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември<br>2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Транспортни услуги | 2,124 | 2,290 |
| Репрезентации и спонзорства | 651 | 693 |
| Трошоци за одржување | 3,025 | 3,612 |
| Наемнини | 232 | 226 |
| Осигурување | 495 | 425 |
| Банкарски трошоци | 475 | 518 |
| Комунални услуги | 3,967 | 4,404 |
| Шпедиторски услуги | 1,041 | 1,123 |
| Интелектуални услуги | 10 | 8 |
| Обезбедување на објектите | 2,144 | 1,972 |
| Трошоци за санитарни контроли | 933 | 894 |
| Останато | 1,371 | 1,426 |
| | 16,468 | 17,591 |

## 9. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември<br>2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Бруто плати | 45,079 | 41,576 |
| Трошоци за службени патувања | 269 | 327 |
| Надоместоци за членовите на Управен и Надзорен Одбор | 1,146 | 741 |
| Регреси за годишен одмор | 869 | 778 |
| Останати трошоци за вработените | 216 | 84 |
| Резрвирање за отпремнини на вработените | 168 | 81 |
| Резервирање за јубилејни награди | 54 | 70 |
| | 47,801 | 43,657 |

## 10. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември | |
|---|---|---|
| | 2025 | 2024 |
| Лиценци | 15,337 | 15,096 |
| Трошоци за адвокатски, нотарски и ревизорски услуги | 2,457 | 2,591 |
| Менаџерски услуги | 5,606 | 6,373 |
| Кусоци на залихи | 9 | 5 |
| Расход на залихи | 533 | 378 |
| Вредносно усогласување на залихи | - | 167 |
| Резервација за судски спорови | 2,504 | 254 |
| Трошоци од минати години | 1,293 | 21 |
| Останато | 2,481 | 1,895 |
| | 30,220 | 26,780 |

## 11. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ, НЕТО

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември | |
|---|---|---|
| | 2025 | 2024 |
| Трошоци за камата | (211) | (191) |
| Позитивни курсни разлики | 2,669 | 1,664 |
| Негативни курсни разлики | (2,586) | (1,900) |
| | (128) | (427) |

## 12. ДАНОК НА ДОБИВКА

Усогласувањето на данокот на добивка пресметан на добивката пред оданочување според законската даночна стапка за годината што завршува на 31 декември 2025 година е како што следува:

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември | |
|---|---|---|
| | 2025 | 2024 |
| (Загуба) / Добивка пред оданочување | (5,066) | 1,370 |
| Трошоци кои не се одбитни при утврдувањето на оданочливата добивка | 7,413 | 3,093 |
| Даночна основа | 2,347 | 4,463 |
| Пресметан данок на добивка | 235 | 446 |
| **Данок на добивка** | 235 | 446 |
| Ефективна даночна стапка | (4.64%) | 32.55% |

Пресметувањето и плаќањето на данокот на добивка за фискалната 2025 година, Друштвото го извршува согласно Законот за данокот на добивка, односно 10% на остварената добивка, вклучувајќи го и даночниот ефект на приходи и трошоци кои се неоданочливи или неодбитни при утврдувањето на оданочливата добивка.

## 13. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА И НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| *Во илјади денари* | Земјиште | Градежни објекти | Опрема | Биолошки средства | Средства во подготовка | Вкупно материјални средства | Нематеријални средства - софтвер и лиценци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | | |
| Состојба на 1 јануари 2024 | 116,769 | 202,666 | 395,675 | 1,202 | 22 | 716,334 | 5,390 |
| Набавки | - | - | - | - | 8,039 | 8,039 | 65 |
| Пренос | - | 193 | 7,846 | - | (8,039) | - | - |
| Ефекти од ревалоризација | (10,691) | 46,260 | - | - | - | 35,569 | - |
| Состојба на 31 декември 2024 | 106,078 | 249,119 | 403,521 | 1,202 | 22 | 759,942 | 5,455 |
| Набавки | - | - | - | - | 8,199 | 8,199 | - |
| Пренос | - | 805 | 6,406 | - | (7,211) | - | - |
| Продажби /Расходување | - | - | (235) | - | - | (235) | - |
| Состојба на 31 декември 2025 | 106,078 | 249,924 | 409,692 | 1,202 | 1,010 | 767,906 | 5,455 |
| **Исправка на вредност** | | | | | | | |
| Состојба на 1 јануари 2024 | - | 101,279 | 269,289 | 1,022 | - | 371,590 | 4,377 |
| Трошок за годината | - | 5,069 | 9,910 | 115 | - | 15,094 | 486 |
| Ефекти од ревалоризација | - | 24,732 | - | - | - | 24,732 | - |
| Состојба на 31 декември 2024 | - | 131,080 | 279,199 | 1,137 | - | 411,416 | 4,863 |
| Трошок за годината | - | 5,077 | 10,362 | 55 | - | 15,494 | 136 |
| Продажби /Расходување | - | - | (32) | - | - | (32) | - |
| Состојба на 31 декември 2025 | - | 136,157 | 289,529 | 1,192 | - | 426,878 | 4,999 |
| **Нето сметководствена вредност на:** | | | | | | | |
| **31 декември 2025** | 106,078 | 113,767 | 120,163 | 10 | 1,010 | 341,028 | 456 |
| **31 декември 2024** | 106,078 | 118,039 | 124,322 | 65 | 22 | 348,526 | 592 |

Во набавната вредност на опремата и соодветната исправка на вредност е вклучен износ од 218,223 илјади денари што претставува целосно отпишана опрема која е се уште во употреба.

## 14. ЗАЛИХИ

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември<br>2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Материјали | 22,421 | 34,386 |
| Недовршено производство | 284 | 806 |
| Готови производи | 29,025 | 44,366 |
| Резервни делови | 919 | 918 |
| | 52,649 | 80,476 |
| Вредносно усогласување на залихи | (2,783) | (2,783) |
| | 49,866 | 77,693 |

Движењето на исправката на вредноста на залихите е прикажана подолу:

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември<br>2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Состојба на 1 јануари | 2,783 | 2,783 |
| Вредносно усогласување на залихите | - | - |
| Ослободување на исправка на вредност | - | - |
| Отпис на залихи, претходно обезвреднети | - | - |
| | 2,783 | 2,783 |

## 15. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември<br>2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Побарувања од поврзани субјекти (Белешка 24) | 4,010 | 25,035 |
| Побарувања од купувачи во земјата | 83,246 | 83,313 |
| Побарувања од купувачи во странство | 37,052 | 27,659 |
| | 124,308 | 136,007 |
| Намалено за исправка на сомнителни и спорни побарувања | (36,299) | (36,299) |
| | 88,009 | 99,708 |

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември<br>2025 | 2024 |
|---|---|---|
| На 1 јануари | 36,299 | 36,299 |
| Исправка на вредност поради обезвреднување | - | - |
| Ослободување на исправка на вредност | - | - |
| | 36,299 | 36,299 |

## 16. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

| | Во илјади денари Година што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|
| | 2025 | 2024 |
| Побарувања за дадени аванси | 685 | 3,479 |
| Побарување за повеќе платен ДДВ | 19,774 | 22,531 |
| Побарувања за данок на добивка | 3,324 | 3,559 |
| Останати побарувања | 27 | 27 |
| Однапред платени трошоци | 539 | 459 |
| | 24,349 | 30,055 |

## 17. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | Во илјади денари Година што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|
| | 2025 | 2024 |
| Тековна сметка: | | |
| - денарски сметки | 21,317 | 23,844 |
| - девизна сметка | 24,689 | 19,823 |
| Пари во благајна: | | |
| - денари | 8 | 3 |
| | 46,014 | 43,670 |

## 18. ГЛАВНИНА

### Основна главнина

Акционерскиот капитал на Друштвото на 31 декември 2025 се состои од 1,724,530 целосно уплатени обични акции со номинална вредност од 5.11 евра по акција. Сопствениците на обични акции имаат право на повремена дивиденда и имаат право на еден глас по акција на Генералното Собрание на Друштвото, како и право на еднакво учество во случај на ликвидација на Друштвото.

Сопственичката структура на капиталот на Друштвото на 31 декември 2025 и 2024 година е како што следува:

| | Број на акции | | % сопственичка структура | |
|---|---|---|---|---|
| | 2025 | 2024 | 2025 | 2024 |
| Фруктал д.д., Ајдовшчина, Словенија | 1,654,195 | 1,654,195 | 95.92% | 95.92% |
| Останати акционери | 70,335 | 70,335 | 4.08% | 4.08% |
| | 1,724,530 | 1,724,530 | 100% | 100% |

Во Централниот депозитар за хартии од вредност на име на Друштвото запишани се 3,816 обични акции. Истите не претставуваат сопствено откупени акции, туку се привремено евидентирани на име на Друштвото со оглед дека не се ажурирани персоналните податоци за иматели - физички лица за овој број на акции.

### Ревалоризациона резерва

Ревалоризационата резерва се формира преку зголемување на вредноста на недвижностите како резултат на нивна проценка и последователно мерење по ревалоризациона вредност. Истата се намалува преку амортизација, обезвреднување, отуѓување или намалување на вредноста недвижностите при идни проценки.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2025 година**

## 19. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ

| | Во илјади денари Година што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2025** | **2024** |
| Обврски кон поврзани субјекти (Белешка 24) | 176,594 | 222,305 |
| Обврски кон добавувачи во земјата | 11,878 | 14,432 |
| Обврски кон добавувачи во странство | 2,554 | 3,800 |
| | 191,026 | 240,537 |

## 20. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ

| | Во илјади денари Година што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2025** | **2024** |
| Обврски за примени аванси | 2,083 | 270 |
| Обврски за нето плати | 2,588 | 2,301 |
| Обврски за придонеси од плати | 1,329 | 1,175 |
| Обврски спрема вработени | 21 | 9 |
| Обврски за ДДВ | 2,412 | 563 |
| Останати обврски | 36 | 36 |
| | 8,469 | 4,354 |

## 21. РЕЗЕРВАЦИИ ЗА КОРИСТИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

| | Во илјади денари Година што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2025** | **2024** |
| *Обврски во билансот на состојба за:* | | |
| Отпремнини и јубилејни награди | 819 | 645 |
| *Трошок во билансот на успех за:* | | |
| Резервации за отпремнина и јубиларни награди (Белешка 9) | 222 | 151 |

| | Во илјади денари Година што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2025** | **2024** |
| на 1 Јануари | 645 | 615 |
| Резервација за отпремнини | 168 | 81 |
| Резервација за јубилејни награди | 54 | 70 |
| Исплата на отпремнини | - | (79) |
| Исплата на јубилејни награди | (48) | (42) |
| На 31 декември | 819 | 645 |

## 22. ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА

| | Во илјади денари | |
|---|---|---|
| | 2025 | 2024 |
| *Нето добивка која им припаѓа на имателите на акции* | | |
| Нето добивка за годината | (5,300) | 924 |
| | (5,300) | 924 |

| | Број на акции | |
|---|---|---|
| | 2025 | 2024 |
| *Пондериран просечен број на обичните акции* | | |
| **Издадени обични акции на 1 јануари** | 1,724,530 | 1,724,530 |
| Ефекти од промени на бројот на обични акции | - | - |
| **Пондериран просечен број на обичните акции на 31 декември** | 1,724,530 | 1,724,530 |
| **Основна заработувачка по акција** | (3.07) | 0.54 |
| **Разводнета заработувачка по акција** | (3.07) | 0.54 |

## 23. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

### 23.1 Управување со ризикот на капиталот

Друштвото управува со капиталот за да се обезбеди дека ќе продолжи да работи и во иднина според принципот на континуитет преку настојување да постигне оптимален баланс помеѓу долговите и вкупната главнина.

Структурата на капиталот на Друштвото се состои од основна главнина, ревалоризациони резерви и акумулирани загуби.

Показател на задолженост

Раководството ја следи структурата на изворите на финансирање на Друштвото на годишна основа. Како дел од ова следење, раководството ги анализира трошокот на капиталот и ризиците поврзани со секоја одделна класа на капиталот.

Показателот на задолженост на 31 декември 2025 година е како што следува:

| | Во илјади денари Година што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|
| | 2025 | 2024 |
| Позајмици | - | - |
| Пари и парични еквиваленти | (46,014) | (43,670) |
| Нето долг | (46,014) | (43,670) |
| Нето главнина | 349,408 | 354,708 |
| Нето долг/Капитал | (13%) | (12%) |

## 23. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

### 23.2 Категории на финансиски инструменти

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември<br>2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| Пари и парични еквиваленти | 46,014 | 43,670 |
| Побарувања од купувачи | 88,009 | 99,708 |
| | 134,023 | 143,378 |
| **Финансиски обврски** | | |
| Обврски кон добавувачи | 191,026 | 240,537 |
| | 191,026 | 240,537 |

### 23.3 Цели на управување со финансиските ризици

Финансиските ризици ги вклучуваат пазарниот ризик (девизен ризик и каматен ризик), кредитниот ризик и ликвидносниот ризик. Финансиските ризици се следат на временска основа, и се избегнуваат првенствено преку намалувањето на изложеноста на Друштвото на овие ризици. Друштвото не користи било какви специјални финансиски инструменти за да ги избегне овие ризици затоа што ваквите инструменти не се во широка употреба во Република Северна Македонија.

**Пазарен ризик**

Во текот на своето работење Друштвото е изложено првенствено на финансиските ризици од промена на курсот на странските валути и каматните стапки. Изложеноста на пазарниот ризик се следи преку анализата на сензитивноста.

**Управување со девизниот ризик**

Друштвото е изложено на девизен ризик првенствено од обврските спрема добавувачите и побарувањата од купувачи, како и од парите и паричните еквиваленти кои се деноминирани во странски валути. Друштвото не употребува посебни финансиски инструменти за намалувањето на овој ризик бидејќи таквите инструменти не се вообичаени во употреба во Република Северна Македонија.

Сметководствената вредност на монетарните средства и обврски на Друштвото деноминирани во странски валути е како што следува:

| | СРЕДСТВА | | Во илјади денари<br>ОБВРСКИ | |
|---|---|---|---|---|
| | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
| ЕУР | 65,751 | 72,517 | 179,148 | 226,105 |
| | 65,751 | 72,517 | 179,148 | 226,105 |

*Анализа на сензитивноста на странски валути*

Следнава табела детално ја прикажува сензитивноста на 10% зголемување и намалување на денарот во споредба со наведените странски валути. Негативниот износ подолу означува намалување на добивката или останатиот капитал, којшто се јавува во случај доколку денарот ја намали својата вредност во однос на горенаведените странски валути за 10%. За зголемување на вредноста на денарот во однос на овие странски валути за 10%, ефектот врз добивката или останатиот капитал би бил еднаков, но со обратен предзнак, а износите прикажани подолу би биле спротивни.

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември<br>2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Загуба | (11,340) | (15,359) |

## 23. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

### 23.3 Цели на управување со финансиските ризици (продолжение)

**Управување со каматен ризик**

Изложеноста на Друштвото на пазарен ризик од промени на каматните стапки се однесува на парични средства во банки со променлива каматна стапка. Друштвото управува со овој ризик преку одржување на соодветен однос помеѓу каматоносните средства и извори на финансирање.

Сметководствената вредност на финансиските средства и финансиските обврски на крајот на годината е како што следува:

| | Во илјади денари<br>Година што завршува на<br>31 декември<br>2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| *Некаматоносни:* | | |
| - Пари и парични еквиваленти | 46,014 | 43,670 |
| - Побарувања од купувачи | 88,009 | 99,708 |
| | 134,023 | 143,378 |
| | 134,023 | 143,378 |
| Финансиски обврски | | |
| *Некаматоносни:* | | |
| - Обврски спрема добавувачи | 191,026 | 240,537 |
| | 191,026 | 240,537 |

*Анализа на сензитивноста на каматни стапки*

Анализата на сензитивноста е одредена врз основа на изложеноста на Друштвото на промена на каматните стапки на финансиските инструменти на денот на извештајот за финансиска состојба. За финансиските инструменти со променливи каматни стапки, анализата е подготвена под претпоставка дека износите на крајот на годината биле непроменети во текот на целата година. При изготвувањето на анализата на сензитивноста на промените на каматните стапки, користено е зголемување или намалување на каматните стапки за 2 процентни поени, што претставува разумна процена на раководството за можните промени на каматните стапки кај финансиските инструменти со променлива каматна стапка.

На 31 декември 2025, Друштвото не поседува каматоносни финансиски инструменти со променлива каматна стапка.

**Управување со кредитниот ризик**

Кредитниот ризик се однесува на ризикот од неисполнување на договорените обврски од страна на деловните партнери, што би резултирало со финансиски загуби за Друштвото. Друштвото, главно соработува со поврзани страни.

Сметководствената вредност на финансиските средства презентирани во овие финансиски извештаи ја претставува максималната изложеност на Друштвото на кредитен ризик. Финансиските средства не се обезбедени со било каков колатерал.

Структурата на побарувањата од купувачите на 31 декември 2025 година е како што следува:

| | Бруто изложеност | Исправка на вредноста | Во илјади денари<br>Нето изложеност |
|---|---|---|---|
| Недоспеани побарувања | 64,405 | - | 64,405 |
| Доспеани, но необезвреднети побарувања | 23,604 | - | 23,604 |
| Доспеани и обезвреднети побарувања | 36,005 | (36,005) | - |
| | 124,014 | (36,005) | 88,009 |

## 23. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

### 23.3 Цели на управување со финансиските ризици (продолжение)

**Управување со кредитниот ризик (продолжение)**

Структурата на побарувањата од купувачите на 31 декември 2024 година е како што следува:

Во илјади денари

| | Бруто изложеност | Исправка на вредноста | Нето изложеност |
|---|---|---|---|
| Недоспеани побарувања | 73,655 | - | 73,655 |
| Доспеани, но необезвреднети побарувања | 26,053 | - | 26,053 |
| Доспеани и обезвреднети побарувања | 36,005 | (36,005) | - |
| | 135,713 | (36,005) | 99,708 |

*Доспеани, но необезвреднети побарувања*

Староснатa структура на доспеаните но необезвреднетите побарувања за годината што завршува на 31 декември 2025  е како што следува:

Во илјади денари

| | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| до 30 дена | 23,318 | 26,038 |
| од 31 до 60 дена | 84 | 5 |
| од 61 до 90 дена | 41 | 10 |
| од 91 до 365 дена | 161 | - |
| над 365 дена | - | - |
| | 23,604 | 26,053 |

**Управување со ликвидносниот ризик**

*Табели за ликвидносен ризик*

Следните табели детално ја прикажуваат преостанатата договорна доспеаност на финансиските обврски. Табелите се изготвени врз основа на недисконтираните готовински текови на финансиските обврски.

*Доспеаност на финансиските обврски*

Во илјади денари
31 декември 2025

| | Просечна пондер. ефективна каматна стапка | До 1 месец | Од 1 до 3 месеци | Од 3 месеци до 1 година | Од 1 до 5 години | Над 5 години | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Некаматоносни | 0% | 191,026 | - | - | - | - | 191,026 |
| | | 191,026 | - | - | - | - | 191,026 |

23.

## 23. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

### 23.3 Цели на управување со финансиските ризици (продолжение)

Во илјади денари
31 декември 2024

| | Просечна пондер. ефективна каматна стапка | До 1 месец | Од 1 до 3 месеци | Од 3 месеци до 1 година | Од 1 до 5 години | Над 5 години | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Некаматоносни | 0% | 240,537 | - | - | - | - | 240,537 |
| | | 240,537 | - | - | - | - | 240,537 |

### 23.4 Објективна вредност на финансиските инструменти

Објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски е одредена на следниот начин:

- објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски со стандардни услови, со кои се тргува на активните ликвидни пазари, се одредува врз основа на котираните пазарни цени;
- објективната вредност на останатите финансиски средства и обврски се одредува во согласност со општо прифатените модели на вреднување кои се базираат на анализа на готовинските текови, со користење на цени од објавените тековни пазарни трансакции и понудени цени од деловните партнери за слични инструменти.

*Сметководствена вредност во споредба со објективна вредност*

Сметководствената вредност во споредба со објективната вредност за годините што завршуваат на 31 декември 2025 година е како што следува:

### 23.4 Објективна вредност на финансиските инструменти (продолжение)

Во илјади денари

| | 31 декември 2025 | | 31 декември 2024 | |
|---|---|---|---|---|
| | Сметковод. вредност | Објективна вредност | Сметковод. вредност | Објективна вредност |
| **Финансиски средства** | | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 46,014 | 46,014 | 43,670 | 43,670 |
| Побарувања од купувачи | 88,009 | 88,009 | 99,708 | 99,708 |
| | 134,023 | 134,023 | 143,378 | 143,378 |
| **Финансиски обврски** | | | | |
| Обврски кон добавувачи | 191,026 | 191,026 | 240,537 | 240,537 |
| | 191,026 | 191,026 | 240,537 | 240,537 |

## 24. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

Сите трансакции со поврзаните субјекти се одвиваат во нормалниот тек на работење и нивната вредност не се разликува материјално од условите кои преовладуваат во пазарните трансакции.

Трансакциите со поврзаните субјекти на 31 декември 2025 година се како што следува:

| | Во илјади денари | |
|---|---|---|
| **Набавки од поврзани субјекти** | **2025** | **2024** |
| Фруктал доо, Ајдовшчина, Словенија | 33,167 | 45,237 |
| Нецтар, Србија | 102,055 | 109,354 |
| | 135,222 | 154,591 |

| | Во илјади денари | |
|---|---|---|
| | | **31 декември** |
| **Продажби кон поврзани субјекти** | **2025** | **2024** |
| *Продажба на трговски стоки: (Белешка 5)* | | |
| Нецтар, Србија | 51 | 18,066 |
| Фруктал доо, Ајдовшчина, Словенија | 6,703 | 862 |
| | 6,754 | 18,928 |
| *Приходи од услуги: (Белешка 6)* | | |
| Нецтар, Србија | 3,988 | 10,445 |
| Фруктал доо, Ајдовшчина, Словенија | 38 | - |
| | 4,026 | 10,445 |
| | 10,937 | 24,502 |
| **Расходи за камата** | | |
| Фруктал д.д., Ајдовшчина, Словенија | - | 163 |
| | - | 163 |

| | Во илјади денари | |
|---|---|---|
| | | **31 декември** |
| **Обврски кон поврзани субјекти (Белешка 19)** | **2025** | **2024** |
| Нецтар, Србија | 25,808 | 71,771 |
| Фруктал доо, Ајдовшчина, Словенија | 150,786 | 150,534 |
| | 176,594 | 222,305 |

| | Во илјади денари | |
|---|---|---|
| | | **31 декември** |
| **Побарувања од поврзани субјекти (Белешка 15)** | **2025** | **2024** |
| Нецтар, Србија | 4,010 | 24,875 |
| Фруктал доо, Ајдовшчина, Словенија | - | 160 |
| | 4,010 | 25,035 |

Фруктал д.д., Ајдовшчина има 95.92% сопственост во Друштвото. Друштвото набавува сокови и сирупи од Фруктал д.д. Ајдовшчина. Фруктал д.д. Ајдовшчина во текот на 2011 година стана дел од Групацијата Нектар. Во текот на 2012 година Дрштвото почна да остварува меѓусебни трансакци со Нектар, Србија преку набавка и продажба на суровини, како и продажба на готови производи.

Друштвото стапува во трансакции со горенаведените поврзани страни врз основа на меѓусебно договорени услови.

Вкупните исплати на клучниот раководен кадар на Друштвото изнесуваат 6.581 илјади денари (2024: 6.105 илјади денари).

## 25. ДАНОЧЕН РИЗИК

Во Република Северна Македонија тековно во сила се неколку даночни закони кои се воведени од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија. Овие даноци вклучуваат: данок на додадена вредност, данок на добивка, персонален данок на доход и останати даноци. Освен тоа, регулативите кои се однесуваат на овие даноци не беа на сила подолг период, спротивно на соодветната легислатива во развиените пазарни економии. Дополнително, регулативите кои ја дефинираат имплементацијата на овие закони, често се нејасни или воопшто не постојат. Постојат спротивставени мислења, во однос на правното толкување на регулативата помеѓу различни министерства и државни организации. На тој начин се креираат неизвесности, како и правни конфликти. Даночните биланси, вклучувајќи ги и сите останати полиња на даночна регулатива (како што се увозните царини), можат да бидат предмет на преглед и контрола од неколку соодветни даночни власти, кои можат да проценат значајни казни и пенали.

Толкувањето на даночната легислатива од страна на даночните власти, применета врз трансакциите и активностите на Друштвото, може да не коинцидира со толкувањата на Раководството. Како резултат на тоа, трансакциите можат да бидат оспорени од даночните власти и од Друштвото може да биде побарано да плати дополнителни даноци, пенали и камати кои можат да бидат значајни. Документацијата на Друштвото останува отворена за контрола од страна на даночните и царинските власти, за период од пет години. Ова практично значи дека даночните власти можат да одредат плаќање на дополнителни обврски во период од пет години од настанувањето на даночната обврска. Горенаведените објаснувања создаваат даночни ризици во Република Северна Македонија, кои се суштински позначајни од оние кои се вообичаени во земјите со повеќе развиени даночни системи.

## 26. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви користени при искажувањето на билансните позиции деноминирани во странска валута се следниве:

| | | **Во денари** |
|---|---|---|
| | | **31 декември** |
| | **2025** | **2024** |
| ЕУР | 61.4950 | 61.4950 |

## 27. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

По завршувањето на датумот на известување, нема настани кои бараат дополнителни обелоденувања или корекција во финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2025 година.

ПРИЛОГ 1 – ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**ФРУКТАЛ МАК АД Скопје**

**Годишен извештај**
**за годината што завршува на**
**31 декември 2025**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**31 декември 2025**

## СОДРЖИНА


| | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Општи информации | 3 |
| 2. | Главни фактори и околности коишто влијаеле на определувањето на работењето на Друштвото | 3 |
| 2.1 | Промени во опкружувањето во чиишто рамки друштвото дејствува | 3 |
| 2.2 | Одговорот на друштвото на промените и нивното влијание | 3 |
| 3. | Политиката на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на друштвото | 3 |
| 3.1 | Политика на дивиденди | 3 |
| 3.2 | Управување со ризикот на капиталот | 3 |
| 3.3 | Извори на средства на друштвото | 3 |
| 3.4 | Политиката на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина | 4 |
| 4. | Големи зделки и зделки со зинтересирана страна | 4 |
| 4.1 | Големи зделки | 4 |
| 4.2 | Зделки со заинтересирана страна | 4-5 |
| 5. | Средствата на друштвото чијашто вредност не е одразена во билансот на состојбата според меѓународните сметководствени стандарди | 5 |
| 6. | Изгледите за идниот развој на друштвото и неговиот деловен потфат | 6 |
| 7. | Активностите во сферата на истражувањето и развојот | 6 |
| 8. | Примања на извршни членови на одборот на директори и управниот одбор | 6 |
| 9. | Примања на неизвршни членови на одборот на директори и членовите на надзорниот одбор | 6 |
| 10. | Корпоративно управување | 6 |

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**31 декември 2025**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Фруктал Мак АД Скопје (во понатамошниот текст "Друштвото") е акционерско друштво регистрирано во Република Македонија, со седиште во с. Моране, Студеничани, Скопје.

Мнозински акционер на Друштвото е Фруктал д.д Ајдовшчина од Република Словенија која има 92,53% сопственост на Друштвото. Фруктал Ајдовштина ги откупи понудените акции и со тоа нивното учество во капиталот на Друштвото се зголеми на 95,92%. Крајно матично друштво е Нектар доо, друштво регистрирано во Република Србија.

Основна дејност на Друштвото е производство и продажба на овошен џус, нектар, и безалкохолни пијалоци од брендот на Фруктал и Нектар. Покрај основната дејност, Друштвото одгледува овошни насади и обработува свежо овошје.

На 31 декември 2025 година Друштвото има 45 вработени (2024: 43 вработени).

## 2. ГЛАВНИ ФАКТОРИ И ОКОЛНОСТИ КОИШТО ВЛИЈАЕЛЕ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО

Во текот на 2025 година Друштвото работеше со загуба, при што е остварена загуба после оданочување во износ од 5.300 илјади денари.

### 2.1 ПРОМЕНИ ВО ОПКРУЖУВАЊЕТО ВО ЧИИШТО РАМКИ ДРУШТВОТО ДЕЈСТВУВА

Постоечката економска криза во Европа и светот, а со тоа во Р. Македонија и земјите во регионот каде најмногу е насочена реализацијата.

### 2.2 ОДГОВОРОТ НА ДРУШТВОТО НА ПРОМЕНИТЕ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ

Подобрување на економичноста на работењето преку рационализација на набавките и користењето на внатрешните резерви.

## 3. ПОЛИТИКАТА НА ВЛОЖУВАЊА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗА ПОДДРШКА НА УСПЕШНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО

Друштвото ги следи трендовите на домашниот пазар, сите промени, сите движења и соодветно се прилагодува преку прилагодување - измена на своите политки на барањата на пазарот.

Континурано вложува адекватно одржување на постоечката опрема и набавка на нова опрема, оптимизација на залихите и зголемување на продуктивноста, со цел унапредување и успешно работење.

### 3.1 ПОЛИТИКА НА ДИВИДЕНДИ

Друштвото оваа година оствари негативен финансиски резултат загуба.
Остварените добивки се користат за намалување на акумулираната загуба.

### 3.2 УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ НА КАПИТАЛОТ

Друштвото управува со својот капитал за да се обезбеди продолжување на работењето и во иднина врз основа на принципот на континуитет настојувајќи да постигне оптимален баланс помеѓу долговите и вкупната главнина.

### 3.3 ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА НА ДРУШТВОТО

Капиталната структура на Друштвото се состои од долгови, парите и паричните еквиваленти и вкупната главнина која припаѓа на акционерите составена од основна главнина, резерви и акумулирана загуба.

## 3.4 ПОЛИТИКАТА НА ОДНОСОТ НА ДОЛГОРОЧНИОТ ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

Раководството ја анализира капиталната структура на месечна основа. Како генерално правило, набавките на нетековните средства се финансираат од долгорочни кредити обезбедени преку банки и се најчесто гарантирани од матичното друштво или други друштва на Групацијата.

Показателот на задолженост на крајот на годината е како што следи:

**Управување со капиталниот ризик**

| | Во илјади денари | |
|---|---|---|
| | **31 декември 2025** | **31 декември 2024** |
| Обврски по кредити (долгорочни и краткорочни) | - | - |
| Пари и парични еквиваленти | (46.014) | (43.670) |
| Нето долг | (46.014) | (43.670) |
